РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-334/5
28.05.2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-498/1 од 01.02.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за злоупотреба на службени возила во ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот, врз основа на добиените информации, не може да се констатира повреда на Закон. Воедно, ДКСК утврди дека за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Инспекцискиот совет.

ДКСК до ///, до /// и до /// ќе достави препорака за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година).

Предметот со број 12-498/1 од 01.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.02.2024 година, поднесена е пријава со наводи за злоупотреба на службени возила во /// и оформен е предмет број 12-498/1 од 01.02.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за користење на возилата за приватни потреби, во времетраење од 24 часа, и тоа не само од страна на службениците кои поседуваат документ за мобилност и достапност, туку и од страна на службеници кои

извршуваат административни задачи за кои немаат потреба од користење службено возило.
Во пријавата се посочени и конкретни случаи на користење на возила за приватни цели, неповрзани со завршување на работни задачи, надвор од работното време: користење на возило /// со регистарска ознака /// од страна на ///, раководител на Секторот за ///, и користење на возило /// со регистарска ознака /// од страна на ///, раководител на Одделението за ///.
Во пријавата е укажано дека со измената во членот 8 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр/// од /// година), се овозможува злоупотреба на службените возила, и нивно користење за одење до и враќање од работното место.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до ///, до /// и до ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени по барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
На службеното лице ///, раководител на сектор за (ниво ///) му било издадено Задолжување бр./// од /// година, за управување со моторно возило марка /// (///) во сопственост на ///. На /// му било издадено Решение за достапност и мобилност на државен службеник низ целата територија на Република Северна Македонија бр.///, во кое било наведено дека вработениот треба да биде достапен 24 часа, заради зголемен обем на работа и заради достапност на директорот, и тоа за државни празници, сабота и недела, заради потреба од достапност на правната служба, при што возилото се користи и од страна на други вработени за вршење на други работни задачи на целата територија на државата, а од страна на директорот се издава месечен налог за негово користење.
На службеното лице ///, раководител на Одделение за /// (ниво ///) и лице задолжено за ///, ѝ било издадено Задолжување бр./// од /// година за користење службено возило, како и Решение за достапност и мобилност на државен службеник бр./// од /// година, во кое било наведено дека треба да биде достапна 24 часа, заради зголемен обем на работа и заради достапност на директорот, и тоа за државни празници, сабота и недела, поради зголемен обем на работа на ///
Според образложението и доставената документација, покрај лицата наведени во пријавата врз чија основа е оформен предметот, задолженија за користење на службени возила на /// биле издадени и на други лица, и тоа на: раководителот на Секторот за ///,

државниот инспектор за ///, државниот /// инспектор за /// и раководителот на Секторот за /// (ниво ///) – раздолжено, користено заклучно со /// година.
Во образложението доставено од /// на барање на ДКСК е наведено дека по именувањето на новиот директор на /// во /// година, сите задолженија/ овластувања за користење на службени возила, решенија и други акти донесени од претходниот директор биле отповикани и се вон сила. Информациите содржани во одговорот на /// не беа достатни за утврдување дали по отповикувањето на овие акти се издадени нови, ниту дали вработените продолжиле да ги користат возилата врз основа на претходно важечките акти. Воедно, информациите содржани во одговорот на /// не беа достатни за утврдување на начинот на кој службените возила фактички се користеле.
Од информациите содржани во одговорот на /// може да се констатира дека /// има донесено интерни акти кои се однесуваат на користењето на службените возила врз чија основа се издаваат задолжувања за користење службени возила и месечни патни налози. Имено, /// има донесено Правилник за користење и сервисирање на возниот парк на // (бр./// од /// година), како и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на /// (бр./// од /// година).
Според Правилникот, раководните административни службеници од ниво Б2-Б4 и одредени службени лица од ниво В1-советник, кои освен директорот имаат право на 24-часовно користење на службено возило, можат да користат возило со одобрување од страна на раководното лице на институцијата. Во Правилникот се пропишани причините поради кои на овие лица вработени во /// им е овозможено да ги користат службените возила 24 часа за службени потреби (потреба од вршење на итни и неодложни работни задачи и овозможување на дискреција при работа во било кој период од денот како и во ноќните часови).
Во врска со наводите изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот, по претставка од /// година доставена од Кабинетот на заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, постапил и Инспекцискиот совет, при кое постапување во јуни 2024 година било примено писмено произнесување од директорот на ///, во кое произнесување наводите за злоупотреба на службените возила биле отфрлени како неточни и невистинити.

Врз основа на горенаведеното, може да се констатира следното:

Во однос на наводите за злоупотреба на службени возила од страна на службените лица /// и ///, имајќи ги предвид одредбите содржани во Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и во Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///,

набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година), ДКСК цени дека врз основа на добиените информации во случајот не може да се констатира повреда на Закон.
Во однос на интерните акти со кои е регулирано користењето на службените возила, ДКСК цени дека Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) содржат слабости што може да доведат до злоупотреба на службените возила. Имено, и покрај тоа што во Правилникот се пропишани причините поради кои на дел од вработените во /// им е овозможено да ги користат службените возила 24 часа за службени потреби (потреба од вршење на итни и неодложни работни задачи и овозможување на дискреција при работа во било кој период од денот како и во ноќните часови), нивната формулација овозможува широка дискреција на директорот на /// при одлучувањето за давање на користење на возило. ДКСК цени дека, во услови на отсуство на соодветни интерни контроли на користењето на возилата за службени потреби, од истото произлегува постоење на ризик од злоупотреба на службените возила.
Со оглед на содржината на одговорот на Инспекцискиот совет, може да се констатира дека во врска со наводите содржани во пријава врз чија основа е оформен предметот, истиот веќе има постапено.

Следствено, ДКСК утврди дека во однос на наводите за злоупотреба на службени возила од страна на службените лица /// и ///, врз основа на добиените информации, во случајот не може да се констатира повреда на Закон. Воедно, ДКСК утврди дека за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Инспекцискиот совет.

Заради утврдените слабости на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и заради ризиците кои произлегуваат од овие слабости, ДКСК до ///, до /// и до /// ќе достави препорака за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем (бр./// од /// година) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ///, набавка, начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS систем

(бр./// од /// година), во насока на намалување на дискреционите овластувања на директорот при одлучувањето за давање на користење на службено возило.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК